РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3009/4
15-09-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 92-та седница одржана на ден 11.09.2023 година ја донесе следната

## Одлука

Постапката по предметот број 12-3009/1 од 22.06.2023 година, оформен по пријава поднесено од --------------------------------од с.---------------, со наводи против ----------------------- за повреда на неговото имотно право, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување и по предметниот случај има постапено друг надлежен орган.

Предметот со број 12-3009/1 од 22.06.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, поднесена е пријава заведена под број 12-3009/1 од 22.06.2023 година, по која во ДКСК е оформен предмет со наводи против -------------------------, заради донесено незаконско Решение за легализација бр.------------- од 03.01.2017 година.

Подносителот во пријавата наведува дека е сопственик на станот бр.---- во зграда ---- на КП бр.---------- во Скопје КО -------------. Наспроти негов стан се наоѓа станот бр.---- во сопственост на ---------------------------------, кој е проширен од 34 метри квадратни на 43 метри квадратни надвор од станбената површина на станот, на заедничка тераса на зградата и е легализиран од страна на Општина ----------------- со горенаведеното решение. Подносителот наведува дека ова легализирано проширување без негова согласност му го порпечува правото на светло и проветрување. Во меѓу време сопственикот на проширениот стан го продал станот и новиот сопственик почнал да преземе невообичаени нешта пред неговиот прозорец.

Пријавителот се обратил до Општина ----------------- со барање за вонредно укинување или огласување за ништовен на управниот акт, но бил известен дека донесеното решение било правосилно и не можело ништо да се преземе. На ден 29.05.2023 година се обратил со претставка за истиот проблем до Државниот управен инспекторат, но и од таму немал одговор и поради тоа се обратил до ДКСК:

За утврдување на фактичката состојба ДКСК се обрати до Државниот управен инспекторат со барање за информација, дали е постапено по доставената претставка од подносителот на пријавата.

Во законскиот предвиден рок е доставен одговор од страна на Државен управен инспекторат во кој се наведува дека:Подносителот --------------------- поднел иницијатива за вршење вонреден инспекциски надзор во Општина ----------------- со наводи за недобивање одговор по Барање за укинување или огласување на ништовен управен акт и недобивање одговор по претставка од страна на Општина ----------------. Иницијативата е заведена под Ип1бр.------------ на 01.06.2023 година, проверени се наводите од иницијативата и се преземени се соодветни дејствија. На 07.06.2023 година е доставено барање за податоци до Општина ----------------, од каде е добиен одговор дека е прекината постапката по барањето на пријавителот до завршување на постапката која се води пред Основното јавно обвинителство и дека Општина ---------------- на 25.05.2023 година го известила подносителот на иницијативата.

Исто така подносителот на иницијативата од страна на Државниот управен инспекторат на ден 29.06.2023 година е известен за извршениот инскепциски надзор, утврдената фактичка состојба и превземените инспекциски дејствија.

При разгледување на предметната пријава ДКСК утврди дека по пријавените наводи веќе има постапено друг надлежен орган, по што оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Е.Н./ Ф.Ј.
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**